Ранко Младеноски

# Марионетки

Издавач:
Академски печат

За издавачот:
Гојчо Стевковски

Ранко Младеноски

# Марионетки

(секвенци)

Академски печат
Скопје, 2011

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-3

МЛАДЕНОСКИ, Ранко
Марионетки : (секвенци) / Ранко Младеноски. - Скопје : Академски печат, 2011. - 96 стр. ; 20 см

ISBN 978-608-231-042-8

COBISS.MK-ID 89352714

## Пролог

*Нѐ подлажува црната мугра со тукуштo родената и сѐ уште затскриена и недофатлива светлина, а ние наивните марионетки со детска искреност ѝ веруваме дека токму денес можеби вистинската среќа ни е на дофат.*

# *Порој*

# *Јас сум Ти*

Во сонот разбушавеното момче го праша девојченцето што стоеше на неколку метри спроти него:

– Која си ти?

– Јас сум Ти – рече чудното девојче и усните му се развлекоа во блага насмевка.

# *Порој*

Од каде надоаѓа овој порој, овој плипот? Кој го дупнал небото во моите дамари и врне, врне, врне...

Истура. Се поплавувам. Ми надоаѓаат воѓе до гуша и ми се стега грлово. Водата си го пронаоѓа своето корито и се раѓаат потем два водопади од очиве.

Минува бурата и сѐ се смирува. Глува доба.

# *Месечина*

Еве ја повторно – цела, полна, силна, моќна. Ќерка на Земјата, чедо откорнато од градите на Геа со плач вселенски чиј одек ми одѕвонува во сето битие. Ме распарталува, ме раскинува, ми ги кине нишките на разумот, ми го зоврива умот, ме враќа во прапочетоците, во исконите, во телото на мислата древна слезена од небесата, од домот на оваа чудесна топка над нашите глави. Ме повампирува, раѓа бури во мене, ме поткренува небаре бран морски сум што ќе се скроти во бакнежот силен и страстен со карпата крајбрежна.

Расте плимата во мене. Надојдуваат океаните бесни и го преплавуваат секој дамар, секоја пора, клетка, нерв, мисла, сета мозочна кора. Се коти немирот.

Древни камбани ѕвонат во мене за разделбата стара небесно-земна, за солзите по домот праисконски од каде што тргнале заедно и мислата и смислата, и животот и смртта.

# *Марионетки*

На платото пред Божјиот храм еден средовечен маж ги влече конците од куклата, а ние, толпата, стиснати еден до друг во кружната театарска сцена, гледаме и се смееме на лудориите.

Одеднаш, погледот ми бега кон небото и се ѕверам во синилото. Од височините слушам како да ми надоаѓа еден страшен подмолен кикот.

Кој ли ни се смее нам кога некој озгора ги влече конците на нашите судбини?!

## *Влакно*

Не е русокоса. Не е ниту црнокоса. Мислам дека не е ниту костенливокоса. Сигурен сум дека нема ни бели влакна. А повеќе од убеден сум дека таа нема ниту едно бојадисано златно праменче.

Што бара тогаш ова жолтеникаво долго влакно на мојата перница, пред моето сè уште недоразбудено око?

# *Ајнштајновиот лексикон*

Стана од креветот во темницата и потамина го зграпчи речникот. Ги вртеше во мракот неговите листови.

– Еден збор. Морам да пронајдам еден единствен збор кој во себе ќе ги содржи значењата на сите зборови од сите јазици на светов. Еден збор. Само еден. И кога ќе се роди детето, ќе го научи тој еден збор и – толку. Сè ќе знае оти во тој еден збор ќе спијат сите значења и само тој збор ќе се употребува во сиот свет и во сите времиња.

Кој е тој збор? Како би звучел? Од кои букви би бил составен? Морам да го најдам! Совршенството Божјо бездруго смислило таков збор при сотворувањето на светот. И се употребувал. Пред Кулата вавилонска можеби. Пред фрленото проклетство Божјо во Вавилон.

„И Господ им ги измеша јазиците на луѓето“.

Можеби поточно е да се рече дека Господ им ги умножил зборовите на луѓето. Зашто пред тоа сите се разбирале само со еден збор. Со еден единствен збор.

Го остави речникот. Легна. Заспа.

Кулата вавилонска се беше истопорила пред него и го криеше во старите свои темели древниот збор. Единствениот збор со кој луѓето се разбирале во времињата стари, пред дрското вавилонско здание.

# ***Репириза***

*(секој работен ден од црни мугри до глува доба)*

Прво се вклучува музичкиот систем. Наместен е точно во 05,00 h. Турбо фолк. Мувлосаните ноти се разлеваат и се лигават по ѕидовите. Музичка агонија во сонливото мозоче. Упорен сум. Спијам машки.

Во 05,04 h пее мобилниот застанат на плотот од моето шкафче. Триесет секунди. Небаре од сиот космос ми праќаат SMS пораки познатите и непознатите цивилизации. Лесна препрека за мојот сон. Издржувам куражно.

Рика часовникот во 05,10 h. Неиздржливо. Се борам со агресивниот мерач на незапирливото време. Жена ми ми удира една сочна шлаканица. Исклучи го, ми вели. Ги издржувам и физичката и вербалната агресија. Маж сум или што сум!? Станувам. Ги исклучувам сите будилници.

Се бричам. Огледалото си молчи. Не брбори дека во истиот став ме видело и вчераутро. И ден пред него... И ден пред тој ден... И ден пред него...

Се облекувам.

Го вдишувам мирисот на согорен бензин од автобусот на заминување и му ја запишувам регистрацијата од задните таблички. Го чекам следниот.

Шефот го пика својот мрсулав нос во моето бабуњосано лице. Дрдори. Му се насмевнувам заведувачко-полтронски. Во себе јуначки му ја окарувам

мајката и сè што носи танга во неговото потесно и пошироко фамилијарно племе.

Првомајски се фаќам за работа.

Ручаме дома. Вечерта ни доаѓаат на гости некакви Марсовци од планетата Земја. Дробат со виliците. Брборат. Дрдорат. Мелат. Потоа си заминуваат качени на своите НЛО-а. Ги мијам летечките чинии во кујната.

Веќе сум во кревет. Жена ми пак не ми дава. Се чува за утринскиот ритуален рачно-шлаканички бакнеж.

Се обидувам да заспијам. Размислувам за смислата на постоењето, а можеби и за постоењето на смислата. Музичкиот систем, затскриен во аголот од собата, стрпливо го чека утрото за да ме нападне од пусија.

# *Заб*

Забот ме боли. Ме убива. Плачам. По оние клешти кои, нанесувајќи ми поголема болка, ќе ме ослободат од подмолната болештина. Копнеам по тие забарски клешти! Ми недостигаат! Ќе умрам ако не ги видам!

Колку страшно ми изгледаат оние инструменти и оној мирис кај забарите, па дури и кај морничаво убавите забарки, кога немам забоболка!

# ***Заклучок***

*(воајерски запис)*

– Значи, сакам да ти кажам дека... – ѝ рече помладата на постарата госпоѓа.

Тоа беше, всушност, само една сосема мала секвенца од разговорот на двете пријателки што јас, случаен минувач покрај нив и очигледно намерен аудитивен воајер, ја чув и ја заумив.

Од таа мала говорна секвенца, впрочем, заклучив дека во оваа конверзација меѓу двете госпоѓи се дошло до некаков, каков и да е, заклучок. Ме зачуди, заправо, фактот дека и овде, кај нас, во некоја комуникација меѓу две, сега веќе таканаречени, човечки суштества може да се стигне до тоа ниво на разбирање за да се донесе некаков (каков и да е!) заклучок!

## *Маките на еден писмописец*

„Драга моја Мила...“.

Една многу долга минута гледаше во листот пред себе и го искина.

„Моја драга Мила...“.

– Да ти ебам кумот да ти ебам – опцу во себе со стутканиот втор лист во раката.

„Мила моја Мила...“.

Корпата за ѓубре голтна уште еден лист истуткана хартија.

„Моја мила Мила...“.

Заѕвони мобилниот.

– Ало, Драги душо драга, ќе пиеме ли денес кафе? А дали ти минатиот пат ми кажа „мила моја“ или „Мила моја“?

– Да ти ебам кумот да ти ебам – си го испразни уште еднаш душичето.

По неколку кратки секунди, во црните утрински мугри, низ прозорецот од неговата соба одлетаа во атмосферата едно пенкало, два-три празни листа хартија и мобилниот.

# *По промоцијата*
*(сомнителен дневнички запис)*

– Вчера, како и вообичаено, влегувам јас дома нарамен со две ќеси книги во обете мои раце и како гром од ведро небо слушам укор од жена ми: па добро бе, ќе донесеш ли, барем еднаш, ќеса со леб наместо со книги.

Ми раскажува така познатиот македонски писател кој си го пие чајчето по промоцијата и смислува нова поема, расказ, драма можеби. Трагедија некоја наша, македонска.

Да му верувам ли или, пак, да верувам дека лаже!?

Сфаќам, всушност, дека мојот избор се сведува на ништо, на нула.

И верувам! Му верувам на неразбраниот писател. Верувам. Не дека него не го разбираат, ами дека е неразбран! Дека умот не му дошол! И дека, според сè, никогаш и нема да му дојде.

# *Агресија*

# *Каде?!*

*На благата и кротка покојна душа од брат ми*

Којзнае каде, но замина твојата блага и кротка душа од нас, од светов, од твојот спокој што ги плашеше туѓите зли очи.

Каде отидоа нотите небески што ги вајаше од шупелките родени од твоите прсти и од подгоречките дрвја пораснати во атарот на нашите детски соништа?

Каде?! Во кои синори сега ги обележуваш и ги премеруваш твоите секнати мечти, испокинати надежи, згаснати илузии без кои животот со кого се раздели твојата младост би бил едно големо посрано ништо!

Каде?! И дали нè умиш понекогаш можеби во тоа твое незнајно „каде“ нас што нè остави и маката твоја да ја мачиме?!

Којзнае каде, ама замина твојата блага и кротка душа од нас, од светов, од твојот спокој што ги плашеше туѓите зли очи.

## *Уште еден камен во ѕидот*

– Болен е професорот. Ќе го оперираат деновиве – рече уредникот во септемвриската приквечерина стоејќи на централната плочка од главниот плоштад.

Уште една смрт ни тропа на портата. Ќе ја припокриеме привремено со по некое сокче и со по некој портокал. И со по некој збор.

Само дотаму стигнува моќната немоќ на животот.

# *Драма*

Мирен, спокоен лет на птица во чистото сино небо. Утро. Зраци. Роса. Зелен мирис во долината. Планинските врвови се галат со небесното синило. Тишина свемирска лази по патеките на муграта. Миг. Неповторлив.

Сатански темници серојат внатре, во нас, и ечат ѕвона тешки, камбани адски. Секавица подземна го голта небото со своите пламени јазици. Умираат утрата во мигови вечни и му се подаваат на денот како блудници.

## *Агресија*

*(задоцнет дневнички запис)*

Се преселував. Во брзањето и во паниката на преселувањето, се разбира, ги зедов и цвеќата. Ги изнапикавме во камиончето и – вози мајсторе!

Дури денес, еден месец по преселбата, кога им ставав вода и кога ги поштев од пожолтените лисја, се сетив дека не ми текна да ги прашам дали сакаат да се преселуваат.

Можеби не сакаа. Можеби сакаа да останат таму каде што беа. Можеби не сакаа да дојдат со мене. Можеби си мислеле дека без мене ќе им биде поубаво. А во безумството при преселувањето, никако не најдов време да ги прашам.

Ете уште еден доказ дека агресивна е љубовта. И себична. Многу, премногу себична.

# *Мобилно невреме*

Март е. Пролет Господова илјада деветстотини деведесет и некоја. Едно безобразно и дотогаш мрзливо хормонче ги отвора очите, се буди од зимскиот сон, ја отфрла покривката од своето креветче и трча нагоре кон сивата мозочна маса.

– Излажи го времето – ми вели – стапни му на главата со нога. Живеј ја иднината, смени го датумот некаде, годината, векот.

Ја вртам главата панично по цела соба, шетам со очиве. Мобилниот, си велам. Ќе ја сменам годината. Нека биде нека биде – 2099 година.

Го зграпчувам, сиот среќен, глупавиот мобилно-телефонски апарат. Си ја местам годината 2099-та и му велам „ОК“. Слушам предупредувачко свирче и на недоветниот екран уште едно предупредување:

YYYY: 2000 – 2050.

Нема понатаму. Нема потаму.

Се обидувам да му појаснам на хормончето дека не само природата, туку и цивилизацискиот простотилак ни го лимитирал времето. Ја наведнува главата безнадежно, се влечка назад во своето сокровиште и болнодојчиновски паѓа на постелата. Плаче тивко, во себеси. Хормончето безобразно и расипано, а разочарано.

Нема понатаму! Нема потаму!

# *Безвреме*

Му се пулам на времемерачот. Покажува точно 00,00 h.

Митско време – си помислувам.

Го обожавам ваквото нулто време. Ми се чини дека во тој несфатливо краток миг повторно започнува еволуцијата, праправремето, праправочетокот. Исконот. Генезисот. Нова еволуција. Нов живот. Ми навираат солзи радосници како на онаа млада бабица со ангелско лице од автобусот која плаче од среќа секогаш кога им помага на родилките во олеснувањето на бремето.

Ново време. Нова еволуција. Од почеток.

# *Нож*

Страв во коски ми влеваше големиот кујнски нож. Секогаш кога ќе го земев в рака ме потсетуваше на оние крвави филмови со психопати и сериски убијци. Хорор. По извесно време откако го купив, почнав да го сонувам големиот нож. Со ракавици, наврен во некаква одвратна црна облека, со ножот во десната подигната рака трчав во една темна и страшна улица.

Едно утро, без да се колебам, го зедов ножот и го фрлив во гнасниот контејнер оддалечен со километри од мојата населба.

По неколку дена на телевизиските вести зборуваа за некакво крвнички извршено убиство со голем кујнски нож.

– Од полициски извори – брбореше цицлестата новинарка – дознаваме дека ножот е пронајден и е даден на вештачење.

Од истите извори цицките дознале дека осомничениот го признал убиството и изјавил оти ножот го нашол во некаков гнасен и смрдлив контејнер.

И тогаш, а и денес сè уште се прашувам: дали моите кошмари и моите несоници го извршија гнасното убиство?!

# ***Цвекло***

Агресија во лавабото од кујната. Агресија што заминува низ одводот и патува на југ, кон големата река наречена Океан. Наш. Бел.

И потоа агресија врз родителот на агресијата. Ренде!

Додатоци. Според желбата, се разбира.

И потоа вкус кој ги брише сите вакви злобни асоцијации и аналогии, но и една чудна стомачна топлина како потсетник за праизворот на чудесниот живот.

## ***Крштавање ѓаволско***

(*падот и подемот на Империјата*)

Александар III Македонски во годината 334 пред Христа зеде 7.000 војници, 2.400 коњаници и флота од јужните гратчиња-државичиња за да може македонскиот поход на Исток да го нарече „хеленски“ и да го оправда како „одмазднички“. Овие војници, коњаници и морнари никогаш не учествуваа во големите битки на Александар. Походот го водеа Македонците – македонските војници и македонските војсководци.

Во Загреб на 14 јануари 1861 година, во присуство на Неговата Светост, бискупот ѓаковско-сремски Јосип Јурај Штросмаер, Константин Миладинов купи 76 бугарски народни песни од Васил Чолаков за да може на Зборникот да му го даде насловот „Бѫлгарски народни пѣсни собрани одъ Братья Миладиновци Димитрія и Константина и издани одъ Константина Въ Загребъ въ книгопечатница-та на А. Якича 1861“. Само 76 песни, наспроти сето друго, го издиктираа насловот!

1991 PM FYROM ООН.

Во годината 2323 по Христа македонското племе им го опцу мамето мамино на ситните души на душманчињата од сите страни на светот и ја возобнови Империјата.

## ***Азискиот Александар***

*(ориентални видувања)*

Александар Македонецот дојде до крајот на светов и виде дека овдешниве диви и погани народи, ѕверови и чудовишта не се ништо полоши и ништо подобри од балканската багра закопана во кал до гуша и си се врати назад на запад во својата дома. И за да не се шири балканското зло по светов и по веков, Александар ги заѕида балканските чудовишта.

И така беше многу години.

И умре Александар. И дијадосите, неговите наследници, потем ги ослободија затворените народи за да акаат по светов до ден-денес.

## *Днитe Александрови*

Нејзиниот глас го носеше името на најголемиот крал македонски. Порано го слушнав нејзиниот шепот – задоцнив две минути на нејзиното видување.

Потоа, потоа ми кажа дека некој друг многу одамна го слуша нејзиниот самовилски шум. И се слади со свилениот нејзин омјаз.

Следните два дена безделничев скрбно за неа и за најголемиот крал на светот кој дојде три и пол века пред Словото. Гласот нејзин го носеше името негово, смелоста и дрскоста. И светлото негово лице.

Ме оскрби гласот кралски. Ќе дојде повторно Зборот и ќе донесе утеха за времињата наши и идни.

# *Цвеќарката*

# *Во будилникот*

Сонуваш на мојот кревет. Твоето благо лице е преселено во будилникот. Преку заспаните очи ти поминува стрелката на часовникот којашто ги брои секундите.

Времето ти врви бавно преку лицето и остава неизбришливи траги врз убавината.

# ***Бакнеж***

Таа со очи ме бакнуваше. Со поплавени зеници ми ги галеше рацете растреперени и душата разеленета и преплавена.

Таа со очите што не можам со збор да ги насликам водеше љубов со мене. Со очи ме заспиваше, со очи ме покриваше.

Цвеќарските очи ме гушкаа, а јас немеев со отворена уста пред блажениот оган небесен.

# *Искри*

– Тебе само ти се причинува дека така те гледам затоа што ти така ме гледаш, а поради тоа што ти така ме гледаш, и јас потоа така те гледам. А јас, всушност, не те гледам така, тебе само ти се чини дека така те гледам, бидејќи, како што е општо познато, ти така ме гледаш.

Така ми брбoреа длабнатините од двете страни на усните од цвеќарската тивка насмевка по оние чудесни бакнежи во темничиштето на нашата омилена биртија.

# *Едно претпладне без тебе, а со тебе*

Мастика и мраз. Чорба. Лепче украдено од скара. Бавча. И ти до мене како копнеж зачнат во мирисот на улавоста. Те слушам како молчиш.

Знам дека не си тука. Ама и знам дека си тука.

Дури и повеќе си тука отколку навистина да си тука. Твојот кикот, затскриен зад левата рака која го милува дупчето од десната страна на усната, ги крши стаклата од прозорците на меаната и јас станувам за да го припитомам во мојата преградка без да те прашам: „Смеам ли?“.

И потоа си одам. Сам. Но, со тебе. Го газам мостот. Ме фаќаш за рака и обајцата лебдиме над Брегалница.

Знам дека не си тука. Ама и знам дека си тука.

# *Млечна смеа*

Еве ја повторно таа бела насмевка во мувлосани биртии полни со чад и спомени. И ми брбори и ми дрдори... сè исто... сè исто. Едно цвеќе од аголот на масата ми намигнува за цвеќарската тајна и за тајната на Цвеќарката со млечната смеа. И одеднаш една чудна и неочекувана цвеќарска размисла, претпоставувам со некаква предумисла:

– Дали сум јас талентирана писателка или, пак, писателка, така, на среќа?

Ниту во една теорија на литературата, ниту во една книжевна историја не сум прочитал дека некој станал писател „на среќа“. Но, знаев тогаш дека ќе напишам секвенца на среќа. Можеби за среќа, можеби за несреќа – тогаш не знаев!

Но, сега знам! По оној неподнослив молк на нејзините потпетици на плочникот од мојот уплав.

# *Меѓу првото*

*(вчерашен дневнички запис)*

Вчера, меѓу другото, немеевме со Цвеќарката во скопското Арабати баба теќе. Таа, меѓу другото, задоцни јавната на нејзиниот натовски летечки велосипед за кој, патем речено меѓу другото, никогаш не сакаше да ми каже каде и како го купила.

Седна. Јас, меѓу другото, пиев коњак и ја голтав тукуштo бликнатата вода од очите нејзини проблеснати. И ѝ забележав дека, меѓу третото, таа повторно и повторно и повторно доцни. Молчеше, меѓу другото, во мигот потоа, во мигот пред она потоа и во мигот пред тоа.

И сосема неочекувано, во мигот по мигот потоа, заврнаа цвеќарски зборови врз мојата изненадена глава:

„Меѓу првото, рече Цвеќарката меѓу другото, јас не доцнам туку ти си дошол порано од моето доаѓање и како казна за тоа, односно затоа, јас, меѓу првото, ниту денес нема да ти кажам за велосипедот, ако ме разбираш што сакам да ти кажам не меѓу другото и третото, туку меѓу првото“.

Во мигот по овој порој од цвеќарски гласови, меѓу првото и меѓу третото, истурив во сувото грло една горчлива и жестока голтка, а потоа во безбројното стадо мигови што следеа ги пиев спокојно зборовите цвеќарски за виреењето.

Меѓу другото!

## *Перформанс по многу години (1)*

Во позадина, како фон, лебдеше Бетовеновата Елиза, можеби Токатите и фугите на Бах, можеби Летечкото глувче на Штраус или Болерото на Равел, можеби Малата ноќна музика на Моцарт или, пак, Унгарската фантазија на Лист, а јас го изведував најавениот и одобрен перформанс – реконструкција на дамнешната пештерска секвенца на заминување во која јас (главниот антијунак) ја залепувам за ѕид неа (главната протагонистка во цвеќарски лик) и ѝ го крадам времето со зовриени бакнежи во пештерското безвреме од камена доба.

Милион години. Толку беше најавено времетраењето на мојот тукуштo некреативно иновиран перформанс со динамично драмско дејство. Не верувам дека тие милион години траеја подолго од милијардитиот дел на милионитиот дел од секундата!

## *Перформанс по многу години (2)*

Нејзин. Не мој. Проследен со оние најчести зборови при нашите видувања: „Ова ништо не значи!“.

Па како змија се довлечка потоа до мојата лежечка положба на креветот и во мигот се случи апокалипсата што ја предвиделе Маите за тоа парче време украдено од некои други, за моето мозоче непознати и туѓи галаксии и универзуми.

# *Љубовна формула*

По макотрпниот теориско-емпириски научен труд врз проучувањето на нашата цвеќарско-пештерска комуникација, дојдовме до едно откритие, односно ја пронајдовме општата формула (закон) со која може научно да се потврди постоењето на нашата љубов, а заедничка теза е дека со таа формула може да се опише секоја и сечија љубов, односно дека станува збор за формула која го пресликува и отсликува општиот модел на љубовта. По тегобната долгогодишна и бремена работа, ја откривме следната формула:

$$F \leftrightarrow X \ (F \rightarrow \leftarrow X) = z^2 + y^2 - b : 2$$

при што F е варијабла која се однесува на љубовта на Цвеќарката кон мене, X е величина која се однесува на мојата љубов кон Цвеќарката, z е величина која го покажува индексот на улавост на Цвеќарката, у е величина која е индиција за коефициентот на мојата лунатичност, додека b е бескрајна величина што се однесува на нашите чести и недогледни расправии. Значи, кога квадратот од цвеќарската улавост ќе се собере со квадратот од мојата лунатичност, и кога од тоа ќе се одземат нашите чести и бескрајни расправии и кога сето тоа ќе се подели со два (поради дуалистичкиот карактер на љубовта, но и поради општата биполарност на светот), тогаш ќе

се добие најпрецизниот коефициент на нашата заемна љубов (F↔X) како еквивалент на заемната омраза (F→←X).

Во овој миг очекуваме телефонски повик за да ја одбиеме Нобеловата награда за мир во светот.

# *Како на Цвеќарката ѝ го расипав и без тоа ебаниот ден*

*(заебан дневнички запис)*

Црвената бројка од семафорот ни кажа со отчукување дека барем уште една минута нашиот автобус ќе дреме на асфалтот, а и ние со него и во него. И во таа глупава минута одеднаш туку бапна на тротоариштето гнасно и воспалено од жештините небесни и асфалтни велосипедот цвеќарски.

А истиот ден во глупавото претпладне одлучивме конечно да го решиме спорот со тоа што секој од сите нас двајца по патиштата свои ќе си ја ебе мајката. И така, секој на своја страна, секој во мајчина му!

И позелене семафорот. И на следната глупава постојка се симнав.

По една насмевка што го покажуваше нашето чудење, па два-три збора, и во мигот следен се најдовме во првото кафуле. И испопаѓаа како снег во август зборовите од устата со дупчиња на обете страни дека цел ден ѝ е за никаде и дека еве, сега, си го дозаебала и така ебаниот ден штом сум ѝ се препнал на патот.

Молчев! Ме онемеа чудесата од конците над нас што се плеткаа во синилата небесни.

# *Пораз*

*(варијанта на претходниот заебан дневнички запис)*

Претпладнето кршевме прсти на глупавите мобилни тастатури за тоа дека нема потаму натаму, дека нема повеќе натака навака и наонаму, дека дотука дошло, дека ај еби си мајката и па и ти еби си мајката, дека нема веќе ти реков ми рече, па потоа мирно и, за чудо, без расправии стигнавме до општа согласност обајцата да си ја ебеме мајката. И си мислевме – толку, ете, тоа е, нема натаму потаму ни натака навака и наонаму.

Попладнето, истиот ден, некој или нешто озгора од небесните висини ни ги еба претпладневните мобилни епистоларии и во ладната меана, гледајќи во младата разбосичена меанџика што ни носеше пијалак, му се радувавме двајцата на заемниот пораз.

# *Митот за цвеќарскиот велосипед*

Молчењето нејзино за тоа како си го купила чудесниот велосипед се преобрази во чудна тајна за мене и во нешто што ме копкаше во душичето љубопитно – предание од предците древни наши што сме го изумиле низ вековите, света приказна, мит! Мит за велосипедот!

И како што најчесто се случува во литературните дела, тој мит за цвеќарскиот велосипед ми се откри преку сонот.

Цвеќарката, престорена во Индијанка со црнечки нос и седната покрај ноќниот оган во планинската пустелија на континентот преку Големата Бара, како некоја бајачка, по стоти пат ми го раскажуваше митот. Јас, љубопитен белец од расистичко европско потекло, ја пиев внимателно дивата митска приказна за тоа како Цвеќарката го пронашла својот Бог во двете чудесни тркала од нејзиниот натовски велосипед. Откако ми ја раскажа светата приказна, со строг тон ми заповеда да не ја кажувам никому оти тајната е тајна, а митот е мит.

И, ете, односно еве, јас молчам за патешествието на Цвеќарката кога таа го купувала велосипедот и се преправам дека таа никогаш не ми кажала како го купила својот натовски летечки велосипед.

# ***Митска кражба***

Од медиумите разбрав дека на Цвеќарката ѝ го украле митот, светата приказна, натовскиот летечки велосипед за кој никогаш не ми кажа како го купила.

Не сум ја прашал и никогаш нема да ја прашам како ѝ ја украле светата приказна оти знам дека нема да сака да ми каже!

## *Две антикнижевни забрани*

– Те молам да не пишуваш ништо за ова денес, а ни за тоа вчера – ми рече пред да замине качена на нејзиниот таинствен велосипед.

Ветив. Морав да ветам дека нема да пишувам за тоа.

И еве си го исполнувам ветувањето. Не пишувам за тоа.

## ***Цвеќарска анално-антикнижевна закана***

*(феминистички излив во сабота навечер)*

Единствено вредно за објавување е она за *anus mundi*. Ако планираш и во иднина да ги користиш другите наши моронски муабети за висококнижевни дела, ќе те обесам на Европа – сателитот на Јупитер – таму да те удираат магнетни бури дур не позелениш како Марсовец! Мислам дека ова е доволно застрашувачко. Со други зборови: или *anus mundi* или ништо. Ослободи се – нека излезе од тебе најдоброто. Нешто ново, свежо и полетно во светската уметност.

## *Улавиот сон и глупавата совест на Цвеќарката*

Вчера те сонував. Ете, и кон тебе ќе ме изеде совеста – што до душа ја немам – ама пак, ете, жива ме изеде. Еве што сонував, ама немој да се смееш!

Си купил автомобил и идентичен таков, и по боја и по изглед, и на жена ти за да не се карате. Сте имале две девојчиња. Ти си имал швалерка од работа. Јас те сретнувам како ја носиш на некое место и ти велам каде ти навака, ти ми одговараш дека за 1.000 денари трошок (мислеше на бензинот) немаш намера уште и мене да ми се правдаш. Во сонот јас бев бездомница и по мене одеше еден мал љангач.

Што мислиш, што значи сонов?

# ***Преграшка како изневера***

Ај сега кажи ми како да пуштам прсти кон друга белина, со која рака, со која душа, во која друга зачадена биртија. Како?!

Ај кажи ми сега како да ги избркам сенките твои по ѕидовите кога секоја ноќ ми ја прераскажуваат приказната за тебе, за мене.

Кажи ми ај сега како да го делам времето со туѓо време кога сите времиња, кога секое време го знам како наше, како мое, како твое.

Кажи ми ајде како да го изумам она дупче крај твоите усни кога те бакнувам, кога ме бакнуваш?

Прегрни ги сега сите наши соништа, сите заблуди, копнежите, илузиите, и раскажувај им ја приказната за сенката твоја што ми шета по собава, и погледни пред себе, на патот твој, и бегај зашто само еднаш ако се завртиш ќе те скамени капката што врне од моето гледање по тебе и во тебе.

Ај кажи ми сега како да пуштам прсти кон друга белина, со која рака, со која душа, во која друга зачадена биртија!?

Зашто и сега, по многу години, јас сè уште чувствувам дека изневерувам – и тебе и себеси!

# *Порака од мене до тебе и до мене, односно до себе*

Да сум на твое место, нема да се дружам и нема да комуницирам со некој што не ме разбира тогаш кога ми е најтешко!

Да сум на мое место (како што не сум!) ќе престанам да се дружам и со себеси! Оти не сакам веќе да комуницирам со некој што не се разбира себеси кога му е најтешко!

# *Едноставно подалечни*

Ме барала синоќа. Ми ѕвонела двапати. Јас (во гневот, во бесот, во лутината, во суетата можеби) го бев исклучил мобилниот. Го приклучувам утрово подвижниот телефонски апарат и гледам дека операторот ми оставил порака. Ме известува дека синоќа барем еден човек на мочанава планета наречена Земја за миг помислил на мене:

– Пропуштени повици 2. 07x xxx - xxx (1) 05/ 12/ 07 17:41; 07x xxx - xxx (1) 05/ 12/ 07 17:44, па името на операторот, па: Едноставно поблиски.

Оваа безобразно механичка порака ме потсетува, всушност, дека јас и таа со секој изминат ден стануваме „едноставно поблиски“ и дека токму тоа со секој изминат миг сè повеќе и повеќе нè оддалечува еден од друг.

# *Цвеќарското општество*

*(антисоцијален дневнички запис)*

Денес ми се јави Цвеќарката. Лута беше. Прелута. Како Црна Арапина. Не знам, навистина не знам кој толку ја извадил од памет, кој ѝ го украл тлото под нозете нејзини бели. Не знам зошто, но како со тешка боздогана ме изнамава со навреди во стилот дека треба да ме затворат во лудница или да ме убијат затоа што сум бил штетен за општеството.

Јас, во нечиј туѓ стил, сосема мирно ја ислушав и, во мој стил, целомудрено ѝ напомнав дека треба општеството да го затворат во лудница или да го убијат, оти тоа е штетно за мене, а не јас за него.

И, во нејзин стил, ми ја тресна слушалката со нејзиното, во такви немили и бурни времиња, неизбежно – „Гомнар!“.

## *Тираж – дейонија*

Таа ми го потроши сиот тираж од првообјавените секвенци! Ќе ѝ дадев примерок, па ќе ѝ излезеа бубачињата од главата и ќе се испокаравме по што немилосрдно ги полнеше контејнерите со примероците од омразенијата мои, а со посвета нејзина, за неа.

И така, малку по малку, благодарение на цвеќарската улавост и воспаленост, сета моја литературна оставнина заврши на депонија!

# *Студенила*

Омраза раѓа насекаде околу мене твојот замин.

Сега не ме сака сонот и ми бега од очиве, а и топлината на креветот мој ме замрази.

Сега ѕидовите од мојата пештера ми се лути зашто нема да ги галат сенките од твоето бело тело.

Сликите од брат ми сега попреку ме гледаат – мислат јас сум виновен што никогаш веќе нема да ги видат очите твои насмеани.

Му студи, жилите му мрзнат на огништето небесно овде во глувотијава земна.

# *Молк*

*Ни збор за глуждот што подмолно боли.*
Б. Конески

Мај е. Молчат моите раце во глува доба потпрени на тажниот кикот од шаренилото на бирото. Се обидувам да ја соѕерцам твојата насмевка во отсутниот пој на славејот, во твојот поглед вперен во зачудените слики од брат ми потпрени на ѕидовите, во твојот сон можеби што сега го крадеш од очиве мои. И не можам да видам и не можам да знам што бараш и што наоѓаш – самотија, утроба свиена од страв пред намузот, пред пердето, пред срамот, болка што лекува друга болка, нем збор што талка под твојот јазик, измама утешителна избраздена на твоите затворени ненашминкани усни, мојот одраз во твоите зеници катраносани!

Ноќ е. Го гушкаш зародишот твој и туѓ во утробата и ја замолчуваш солзата во десното око која се токми да ти удри шлаканица. Се вртиш! Празната перница до тебе ти ги врти глуждовите на рацете и на нозете и крик безгласен ти ги пара сетилата, дамарите твои. Мене не ме умиш оти те плашат морнициве под кожава и треперењето на прстиве во дланката твоја.

Црна мугра е. Јас упорно во темницава го слушам молкот на славејот и ја наѕирам сенката на

твојот сон под мојата покривка. Глуждовите мои брборат за утрешните облаци и за нивниот плач.

Нема збор. Молчи зборот и збира болештини во празнотијата на мугрите црни.

# *Зависност*

Треба да ги оставам, конечно, цигарите!
И алкохолот!
И Тебе!
Ама не можам!

# ***Нови цвеќарски СМС линкови***

Слушна ли? На Discovery велат дека по 5,5 милијарди години Сонцето ќе згаснело, а Земјава ќе станела ладно вселенско тело. Доаѓај додека има време наместо да ми се закануваш со магнетни вселенски бури!

* * *

Јас сум јас. А ти си ти? Јас не сум сигурен дека си ти. А ти сигурна си дека сум јас? На пример, дали ти виреат цвеќата? Што има ѕидот во твојто собиче авионско на Аеродромот?

* * *

Гасне зеленилото на цвеќата во мојата дома со твоја душа дадени со моја рака садени. Жолтеат од копнежот по допирот на прстите бели.

* * *

Не заборавај, те молам, да ги налееш цвеќата. Да ги навадиш! И немој да им зборуваш, немој да ги замајуваш! Те молам, остави ги да виреат!

* * *

И отсега натаму „ни збор...“. Знаеш!

# *Роденден*

Во квечерината на нејзиниот дваесет и седми роденден, во коложегот од годината со три испревртени шестки, гореа безброј огнови. Ги броев деновите на гаснењето од крајот па сè до продолжителноста на страдањата. Во нејзиното упатство за убивање на времето во кое гаснеа огновите беше нагласен зборот „бескрајност“.

Ме заполти во текот на дваесет и шестата година од нејзиниот век. Ми ја подари топлината од двата огна што гореа на моите раце и што тлеат во мене и во ова ново, болно проклето време.

Во квечерината на нејзиниот дваесет и седми роденден гореа безброј огнови. Во пролетта од моето триесет и прво лето ми го навести пеплосувањето на живототворниот оган. Бескрајно! Токму онака како што беше забележано во упатството.

# ***Бразди***

Водовртежи заспале во твоите очи. Црни белутраци по твојот грб се тркалаат. Прстите плачат по плипотот на темнилата извајани во дрвената рачка што спие зад врата.

Стоиш на небесата со мотиката во двете раце и наврутуваш воѓе матни во мене, низ мене. Се котат браздите, а ти го јавнуваш првиот облак и ми се губиш во синилото.

# *Разбудената улавица*

Ткаеш ужасни и улави приказни во сонот. Еден змиски бакнеж ти ги спепелува усните и веќе влегуваш во суровиот свет на животните лудости и недоветности. И потем везеш тага денска – црн конец бело платно – што на зајдисонце ќе ми седне во скутот.

Тргуваш и пазарот ти врви оти знаеш – овие будалаштини злато вредат. И никој не ја купува заспаната убавица, зашто бессоници со црн мураќип излеани продаваш на тезгата пред тебе.

## *Камбанарка за прематарката*

Што ти давам, а што ми враќаш, пет пари продаваш за уем жито, два грама нељубов в миг праќаш, три бакнежи вееш во празно сито. Џамбази ти делат совет краен: Ваму многу земи таму малку давај, на прстот воври прстен таен, со рака молчи, со уста мавај. И за забава забави одмин времен, полни грсти земи од душа клета, па продавај празно, а купувај полно. И в гради стави студен кремен, палавоста туѓа залудно да прета, и удри рабуш – од подолно долно.

# *Окови*

*И оваа битка требало да ја водам*
*да ја бијам*
*со денови,*
*со крвави раце до рамена,*
*со крвави нозе до колена,*
*до премалување –*
*дури не се испитам сосем,*
*дури не дојдам до крајот...*

*(„Песјо Брдце“, Блаже Конески)*

Самица страшна е оваа неподнослива стега на синџирите насекаде во мене, насекаде околу мене. Заробен е умот во спомените, во сеќавањата и мртвата сегашност ме кара и бара слобода, одврзани раце, празнина нова. Се сопнувам, се препнувам на тие дамнешни мигови – алки што течат во бескрајот низ мене.

Нема сегашност! Заробен сум во тебе, во твоите окови уште од првиот мирис што извира од порите на твојата белина. Окован сум во тебе, во себе, во вечноста, во бесконечноста.

# ***Одмин***

Минува и оваа ноќ глува и слепа за тежината од секундите и минутите што траат вечно.

Минува и овој мрак упокоен во семирот, се разголува темницата вселенска пред нас небаре кралица ноќна.

Минува студот од собата, се провира под прагот и се гушка со утринското златно новороденче што се кикоти во небесните висини.

Минува сè, одминува во неврат.

Само бремето дреме стуткано во аголот на копнежот по намовнатата светлина.

# ***Разминување***

Зборот твој го дворат самовили тажни стапи-сани пред суводолицата во мене. Кикотот ти прави сенка на крстопатот каде што ѓаволите зазор немаат ниту од патот ниту од крстот. Се вртиш кон мене, две свеќи горат во очите твои и восокот капе врз градите.

Знам јас, бегаш ти од стравот, од бремето, од товарот на тајната сокриена во нашите пазуви.

Но, не знаеш оти не ќе можеш да ѝ се сокриеш на кожата надрочена кога во миговите на копнеж по-таен ќе плачат рацете твои по невидлива насмевка.

# *Конечно*

Ете, конечно, се губи нашата заедничка трага по небесните висини, по Млечниот Пат, по Голема-та Мечка можеби или по краиштата на сводовите небесни.

Заминувам од тебе и ти заминуваш од мене и крајот не ни се гледа, зашто долг е патот пред нас, а без нас заедно – и твојот и мојот.

Ете, конечно, се разделуваме без нашите улавштини и без нашите недоветности, зашто кон-ците што некој озгора ги тегнеше моравме, драга моја, да ги земеме во наши раце и да ги испокинеме еднаш, а тоа еднаш, конечно, да биде засекогаш.

# *Болест*

Болештина се крие во тебе, под кожата ти спие и те пие. Твојата топлина ја краде и во дувла подземни ја носи.

Болештина страшна е тоа што ќе ја покоси снагата јадра твоја и ќе ја роди мојата утрешна посмртна симфонија.

# *Меморија*

# *Искршено време*

Зад мене, во неизминатото минато, живеат безброј искршени часовници, будилници здробени во мигови на лудило и немоќ.

# *Болка*

Таа дојде за да ми ја разнебити болката. Од неа разбрав за една друга моја болка.

Најдобар иљач за болката е болката – ми глаголаше баба во детството.

Тогаш не ја разбрав.

Сѐ си мислам дека дури ни сега не ја разбирам.

# *Лаѓа*

Нека не лажат веќе поетите, писателите и филозофите дека времето лекувало сѐ, дека со времето поминувала секоја болка, секоја рана, секоја мака, секоја дупка во душата, празнина болна. Нека не лажат!

Зашто времето само копа и копа подлабоко и сѐ подлабоко, и ја посолува и зачинува болката и раната (отворена како жена пред породување), и единствено денот смртен проречен од маќеата судбина е екимот што го знае вистинскиот иљач!

# *Лицемери*

Флуидни портрети лебдат над нашата попладневна седенка. Во мигот на неизбежните промени на маските си ги гледаме нашите изобличени сурати со црти и зеници од неколку ликови. Се преобразуваме во чудовишта, во монструми кога нашите раце од левиот џеб го вадат најновиот облик на нашите омјази и го лепат врз нашите образи, чела, бради. Насмевката наместена, а поради тоа и цинична, е само залуден обид да си ги припокриеме измешаните и комбинирани бразди на нашите лица во мигот на промената на неколку маски.

Се прибираме дома, си ги заплакнуваме сите наши сурати и ги ставаме во фиока, зашто утре нè чекаат нови средби со други, поинакви лица, а никогаш не знаеш кој твој сурат тие ќе сакаат да го видат – насмеаниот, сериозниот, среќниот, тажниот можеби.

Со кого се гледаме ние и вие и со кого пиеме и со кого пиете кафе? Со нашите и вашите пријатели или, пак, со безбројните омјази од нашите и од нивните фиоки?!

# *Лудница*

Лозинка/ Код/ Шифра/ Username/ Password/ Пин/ Пук/ ЕМБГ/ Број на лична карта/ Број на пасош/ Број на здравствена книшка...

Броеви... Броеви... Броеви...

Не можеме без нив да опстанеме во лудницата, во концентрациониот логор на модерниот живот.

# *Лицитација*

Утрата ветуваат спокојство и наситка за надежите. Претпладне веќе кружат грабливци над нашите незаштитени глави. Околу пладне почнуваат наддавањата – безобразно и безобѕирно пред нашите очи. Потоа привршува распродажбата со изглумената рамнодушност небаре ништо не забележуваме и небаре ништо не се случува. На полноќ се гушкаме со утехата дека следниот ден ќе нè одминат џамбазите и прематарите.

Истураат дождови ноќни, плаче небото, а никој не сака да ги слушне секавиците улави.

# ***Пропуштени***

Никој нема да ни прости и никогаш нема да си простиме себеси за пропуштените шанси, за отфрлените можности што ни биле на дофат на раката без да бидеме свесни за тоа во моментот кога требало само да ги зграпчиме и да не ги пуштаме никогаш веќе да се одделуваат од нас.

А вечно совеста ќе нè нагризува што можеби со тоа сме навределе и сме повределе драги лица. На тој начин, всушност, ние сме се навределе и сме се повределе и себеси!

# *Меморија*

Овие спомени искажани денес сосема случајно под кафеанската стреа им даваат душа на убавините минати, ги оживуваат сликите на нешто изврвено, а драго, нешто што никогаш нема да се повтори во истиот ритам, со истиот ритуал, со еднаква страст. Сфаќам, всушност, дека и овие прекрасни мигови на сеќавања на некогашните наслади, и тие самите утре ќе станат минато на кое со радост и со трепет во дамарите ќе си споменувам.

Ете ја, впрочем, таа точка во која ние ги преживуваме истовремено и изминатите и сегашните, но и оние доживувања што стрпливо нè чекаат во времињата идни. Точка во која меморијата безмилосно го умира безобразниот незапирлив лет на времето.

# *Тирани*

Лутиот камшик на времето секојдневно нè шиба по грбот, по лицето, и остава неизбришливи траги на челото и под очите.

Утринското огледало е само нем сведок на таа тиранија.

Брчките што ги забележуваме при случајните средби по многу години кај нашите познаници безобѕирно нè потсетуваат на она што кај нас самите никако не можеме да го видиме – дека сме постари за неколку маки, за неколку копнежи што потајно минале преку нашите маски, преку нашите измачени лица.

# *Бласфемија*

Еден пензиониран атеист, застанат покрај шаховската табла во паркот, нервозен поради загубената партија шах, го слуша шеговитиот коментар на својот пријател: „Знаеш, тоа е Божја волја“.

– Зошто – вика на сет глас губитникот – зошто се препуштаме на волјата на некој друг, па нека биде тоа и Бог, а нашата волја ја фрламе како догорче? „Да биде волјата Твоја“. Зошто? Каде е тука мојата волја, твојата волја, нашата волја?

– Не знам – му вели пријателот. Молчи! Не хули!

# *Загубени*

Зад прагот на нашиот разум, во ходниците на потсвеста, во лавиринтите на несвесното, чмаат загубените љубови, залудно потрошените времиња, пријателите што нè изневериле и сме ги изневериле, изгубените книги, антиквитетите од нашето минато.

И како ненадејна бура за миг ќе ни се појават пред очи за да нè потсетат на сите наши порази. За да се почувствуваме како загубени во метежот на монотоното секојдневие.

# *Полноќ*

Внатре во собата сенки играат по ѕидовите, а чеканот на часовникот што дреме на масата силно удира по мојата глава.

Надвор во вселената темниците водат љубов со небото.

Внатре во мене ѕунат сенките вселенски из’ртени од семките на осамата.

# *Нулӣа секвенца*

Онаа сѐ уште млада бабица што не беше девојка туку веќе жена на масата...

Не знам колку време ние таму разговаравме и...

И не знам зошто, но повторно правам исти...

Не знам што беше тоа (зборoредија криви, прави ли?) и зошто не се...

Но и колку: десет, пет, една, две или две и пол сурови верзии од моите безвременски простори во...

И ако тие не се... или, пак, ако се... Што тогаш?

Не знам, навистина не знам!

Не знам!

Или, можеби знам?!

А можеби и не! Зашто навистина не знам што ќе правам доколку...

## ***Античитателска секвенца***

*(според мотиви од индијанскиот континент)*

Оваа секвенца не постои заради вас, туку вие постоите заради неа.

И затоа, не прашувајте што може оваа секвенца да направи за вас, туку што можете вие да направите за неа!!!

## Епилог

*И потем неминовно надоаѓа вечерта како задоцнета црна мугра, ни ја краде светлината, а ние наивните марионетки дури тогаш сфаќаме дека сè било една обична, но и многу сурова самоизмама што повторно ќе ја роди утрешното изгрејсонце.*

# *За авторот*

Ранко Младеноски е роден 1966 година во Подгорци, Струшко. Дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а на истиот факултет магистрирал во 2005 и докторирал во 2010 година. Работел како новинар, уредник и лектор во повеќе весници како што се „Вечер“, „Експрес“, „Македонско сонце“ и „Нова Македонија“. Исто така, бил уредник во книжевните списанија „Современост“, „Книжевна академија“ и „Велес“. Младеноски извесно време работел и како лектор во издавачката куќа „Академски печат“. Денес Младеноски е доцент на Филолошкиот факултет во Штип на Катедрата за македонски јазик и книжевност, а исто така е и главен уредник на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет во Штип. Од 2011 година Младеноски е повторно уредник и во списанијата „Современост“ и „Велес“.

Младеноски е автор на две студии објавени во посебни книшки за романите „Две Марии“ од Славко Јаневски и „Црно семе“ од Ташко Георгиевски од 2003 година. Автор е на книгите „Чекајќи ја егзегезата“ (2005), „Книжевно-критички перцепции“ (2011), збирката со кратка лирска проза со наслов „Омразенија“ (2005), како и на збирката раскази „Чуварот на тајната“ (2008). Коавтор е на изборот од македонски раскази и поезија со наслов „Големиот скок“ од 2003 година, а и коавтор на учебници по

македонски јазик и литература за средно образование. Покрај тоа, Младеноски има објавено стотина интерпретации, есеи и рецензии во голем број списанија во земјава и во неколку балкански земји. Негови песни, раскази и кратки прозни лирски текстови се преведени и објавени во разни списанија на неколку словенски јазици.

Младеноски се занимава и со преведување на книжевни дела. Од хрватски на македонски јазик ги превел книгите „Браќата Миладиновци – легенда и стварност“ и „Хрватско-македонски литературни врски“ од професорот Горан Калоѓера, како и романите „Златоустиот“ од Стјепан Томаш, „Кралица на ноќта“ од Јосип Цвениќ и „Небесни велосипедисти“ од Ирена Лукшиќ. Превел и голем број песни и раскази од бројни автори од српски, хрватски и бугарски на македонски јазик што се објавени во списанието „Современост“.

## *Содржина*

***Пролог* ........................................................................ 5**

**Порој ......................................................... 7**
Јас сум ти ............................................................ 9
Порој ................................................................... 10
Месечина ............................................................. 11
Марионетки ..........................................................12
Влакно ................................................................. 13
Ајнштајновиот лексикон ..................................... 14
Реприза ................................................................ 15
Заб ........................................................................ 17
Заклучок ............................................................... 18
Маките на еден писмописец ............................... 19
По промоцијата ................................................... 20

**Агресија ................................................... 21**
Каде?! .................................................................. 23
Уште еден камен во ѕидот .................................. 24
Драма ................................................................... 25
Агресија ............................................................... 26
Мобилно невреме ................................................ 27
Безвреме ............................................................... 28
Нож ...................................................................... 29
Цвекло ................................................................. 30
Крштавање ѓаволско ........................................... 31
Азискиот Александар ........................................ 32
Дните Александрови .......................................... 33

**Цвеќарката ........................................... 35**
Во будилникот ........................................... 37
Бакнеж ........................................... 38
Искри ........................................... 39
Едно претпладне без тебе, а со тебе ........................................... 40
Млечна смеа ........................................... 41
Меѓу првото ........................................... 42
Перформанс по многу години (1) ........................................... 43
Перформанс по многу години (2) ........................................... 44
Љубовна формула ........................................... 45
Како на Цвеќарката ѝ го расипав
и без тоа ебаниот ден ........................................... 47
Пораз ........................................... 48
Митот за цвеќарскиот велосипед ........................................... 49
Митска кражба ........................................... 50
Две антикнижевни забрани ........................................... 51
Цвеќарска анално-антикнижевна закана ........................................... 52
Улавиот сон и глупавата совест
на Цвеќарката ........................................... 53
Прегратка како изневера ........................................... 54
Порака од мене до тебе и до мене,
односно до себе ........................................... 55
Едноставно подалечни ........................................... 56
Цвеќарското општество ........................................... 57
Тираж – депонија ........................................... 58
Студенила ........................................... 59
Молк ........................................... 60
Зависност ........................................... 62
Нови цвеќарски СМС линкови ........................................... 63
Роденден ........................................... 64
Бразди ........................................... 65
Разбудената улавица ........................................... 66
Камбанарка за prematarkata ........................................... 67

Окови ........................................................................ 68
Одмин ........................................................................ 69
Разминување ............................................................ 70
Конечно .................................................................... 71
Болест ........................................................................ 72

**Меморија ............................................... 73**
Искршено време ...................................................... 75
Болка ........................................................................ 76
Лага .......................................................................... 77
Лицемери .................................................................. 78
Лудница .................................................................... 79
Лицитација .............................................................. 80
Пропуштени ............................................................ 81
Меморија .................................................................. 82
Тирани ...................................................................... 83
Бласфемија .............................................................. 84
Загубени .................................................................. 85
Полноќ ...................................................................... 86
Нулта секвенца ........................................................87
Античитателска секвенца ...................................... 88

***Епилог* .................................................................... *89***

За авторот ..................................................................91

Издавач
Академски печат
Скопје

Ранко Младеноски
Марионетки

Јазична редакција и коректура
Даниела Тинтоска–Такева

Компјутерска подготовка
Даниела Крстевска

Печати
Академски печат – Скопје

Тираж
500 примероци

Скопје, 2011

***Printed in Macedonia***

Сите права ги задржува авторот
***All rights reserved***